

**Микела Ристоски реди успеси**

**Интервју со Мачеј Качоровски: Приоритет – комуникација на Амбасадата со Македонците**



# Македонски глас

Година XXIV 2017.

ЈАНУАРИ – ФЕВРУАРИ
SIJEČANJ – VELJAČA

ISSN 1333-7769

БРОЈ
105

## Негување на македонскиот јазик и култура





Следење на Уставниот закон за малцинствата



Македонска музика, многу емоции и позитивна енергија

## Честит Велигден!

# BlokMAX®

## Učinkovit kod različitih vrsta bolova i simptoma prehlade i gripe!

*ibuprofen*

- glavobolja
- zubobolja
- menstrualni bolovi
- bolovi u mišićima i leđima
- vrućica




**BlokMax**
Pojedinačna doza je 1-2 tablete.
Ne smije se uzeti više od 6 tableta (1200 mg ibuprofena) tijekom 24 sata.

Razdoblje između doza treba biti 4 – 6 sati.

**200 mg ibuprofena**



**BlokMax forte**
Pojedinačna doza je 1 tableta.
Ne smije se uzeti više od 3 tablete (1200 mg ibuprofena) tijekom 24 sata.

Razdoblje između doza treba biti 4 – 6 sati.

**400 mg ibuprofena**

ALKALOID
*Health above all*

Prije upotrebe pažljivo pročitati uputu o lijeku, a o rizicima i nuspojavama upitajte svog liječnika ili ljekarnika.

0GL-151t-01-03-2017-HR

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Превод и лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Ана Азеска – Риека
Елена Кипровска Кнежиќ – Задар
Биљана Митревски – Сплит
Михаела Златеска – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Илија Христодулов
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

# ЕХО НА ВРЕМЕТО

## Агол на уредникот
## Urednikov kutak



# Македонско море

Неодамна еден колега од ХТВ, за време на снимање на една емисија, ме праша дали во Хрватска сум открила нешто што ме потсетува на дома, на Македонија. Веднаш ми се разбуди асоцијација на Средновековната ботаничка градина во Шибеник, оддалечена само неколку метри од куќата каде што живеам со моето семејство.

„Да“, му велам, „секако. Еве овде во оваа оаза на мирот, како што јас го нарекувам тоа место, има мириси кои ме потсетуваат на Македонија – едно старо смоквино дрво, рузмарин, трендафили, нане, винова лоза...“, почнувам да набројувам.

Тоа ме потсети и на размислувањата на големиот писател на Медитеранот, проф. Предраг Матвејевиќ, кој Македонија секогаш ја чувствувал како дел од тој Медитеран. Во една прилика при еден наш разговор во Загреб, професорот ми цитираше делови од неговата последна книга *Граници и судбини*: „Секако на Македонците морето им е блиско, и на југ, и на исток. Го чувствуваат, но не го допираат. По Вардар струјат приморски ветрови, а македонското море е всушност Охрид. Кај манастирот св. Наум растат смокви, рузмарин и бадеми, а наоколу се насади од лоза. Во македонските песни е 'т'га за југ'. Во црквата св. Софија во стариот Охрид на фреските има сина боја, токму онаква какво што е морето...“

При крајот на разговорот, професорот ми нагласи: „Знаете во Македонија морето се чувствува и сака.“

Во македонските дворови и на ридовите растат маслинки, киви и урми, а на јавните површини олеандри и палми, што и писателите на двете земји го забележале во своите дела. А двете наши култури – хрватската и македонската – од дамнешни времиња биле во контакт и постојано се вплетуваат. Длабоко ги почувствував зборовите на проф. Матвејевиќ дека Македонија е дел од Медитеранот. Впрочем, уверена сум дека тоа особено е нагласено кај нас Македонците кои живееме во Хрватска и имаме каква било врска со морето.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# Смирување на тензиите, сплотеност и мир

*Во врска со актуелната ситуација во Република Македонија, Заедницата на Македонците во Република Хрватска деновиве во јавноста упати проглас, во кој искажува загриженост и повикува на смирување на тензиите, сплотеност и мир. Прогласот во целост го пренесуваме*




Заедницата на Македонците во Република Хрватска следејќи ја многу внимателно и аналитички актуелната состојба во Република Македонија искажува голема загриженост за сè што се случува во нашата Татковина. Земајќи го во предвид фактот дека ние како Заедница на Македонците го обединуваме мнозинството на македонскиот корпус во Република Хрватска со задача и цел на зачувување и промовирање на македонската особеност, самобитност, култура и цивилизација без политички предзнак, не сме и нема никогаш да останеме рамнодушни кон сите оние работи што ја нарушуваат унитарноста, интегритетот и самобитноста на Република Македонија, како наша една и единствена Татковина.

Ние живееме во демократски уредена држава, Република Хрватска, која според својот Устав ни ги има загарантирано сите права кои и денес во потполност ги уживаме како македонско национално малцинство и како лојални граѓани на Република Хрватска. Заедницата на Македонците во Република Хрватска никому не му дала право да се однесува неодговорно, да суди и пресудува, а уште помалку, од политички аспект, да повикува на митинзи и партиско определување.

Меѓутоа, кога се работи за македонските национални, стратешки и социјално-економски интереси, во ваква состојба во која се наоѓа Република Македонија, најголемата одговорност е на политичките лидери и на народот да се смират тензиите во државата, и повикуваме на сплотеност и мир, на одговорно однесување и внимавање на националните, социјално-економски интереси и права кои се загарантирани со Уставот на Република Македонија. Апсолутно никој нема право ниту мандат за тргување, поделби и распарчување на нашата Татковина Република Македонија од кој било аспект. Во овој час, како никогаш досега, е најпотребна ладна глава и мудрост, низ заеднички дијалог, да се сочуваат мирот и социјално-економската стабилност во земјата без да биде повредено ничие национално, етничко или верско достоинство.

Заедницата на Македонците во Република Хрватска како и секогаш досега е на позиција да апелира на политичките лидери во Република Македонија самостојно, без уплив на странски мудреци, да ги зачуваат уставниот поредок, мирот, унитарниот карактер, социјално-економската стабилност и уставната позиција на македонскиот јазик, култура и цивилизација на територијата на Република Македонија во согласност со Уставот на Република Македонија и конечно да се фокусираат на главните проблеми кои ја оптоваруваат земјата за влегување во НАТО алијансата и Европската унија. Вака ја гледаме сегашноста и иднината на Република Македонија, со целосно исклучување на личните популистички стремежи на политичките лидери. Денес ни се најпотребни мирот и стабилноста на земјата, националното единство, меѓусебното помирување и толеранција каде и да сме.

Претседател на ЗМРХ:
Илија Христодулов

# Лесно е да се критизира, но тешко да се најде вистинско решение

*„Претседателот е лице и наличје на еден народ кој го претставуваат сите членови на Заедницата на Македонците во РХ, без оглед на тоа колку голема е таа заедница“, вели актуелниот претседател на ЗМРХ, Илија Христодулов, со кој направивме своевидна ретроспектива на улогата на досегашните претседатели на ЗМРХ*



Д-р Никола Гроздановски, првиот претседател на ЗМРХ



Илија Христодулов, актуелен претседател на ЗМРХ

Во Заедницата на Македонците во РХ досега се измениле седум претседатели. За прв претседател во 1991 година беше избран д-р Никола Гроздановски, потоа Горан Стојковски, Огнен Бојаџиски и Илија Христодулов, кој во два мандата ја извршуваше оваа функција и е актуелен претседател на ЗМРХ. По првиот мандат на Христодулов, претседател беше Славица Сагадин, па Ангел Митревски, потоа Орце Ламбевски, по што повторно беше избран Илија Христодулов.

Во еден разговор со актуелниот претседател Христодулов, разговаравме за своевидна ретроспектива на улогата на досегашните претседатели на ЗМРХ и за тоа што всушност значи да се најде човек на таква позиција.

„Да се направи ретроспектива на сите досегашни претседатели на ЗМРХ е многу неблагодарна работа. Мојата природа не е таква. Од сопствено искуство, од 2000 година кога за прв пат станав претседател на ЗМРХ, знам колку таа функција е тешка и одговорна. Секому што бил на функција на претседател на Друштво, а особено на ЗМРХ, секоја чест и голема благодарност, бидејќи не е лесно, а тоа го знае само оној кој е на таа функција. Јас велам следното: ако некој може и умее да направи подобро, бујрум, нека се кандидира и доколку го изберат ќе види како е, и каква е таа работа“, вели Христодулов.

## Треба да се биде честит и максимално одговорен

Тој додава дека е многу лесно да се критизира, ама да се изнајде решение да се работи совесно и чесно со многу откажувања и вложување на себеси и на своето време, по цена да „трпи“ и семејството, тоа е нешто друго.

„Сите што биле досега, кој помалку кој повеќе, главно си ја извршиле својата функција. Ние старееме и со тоа сме помудри, меѓутоа ни треба млад кадар, без тоа сме како без иднина. За да се биде претседател на ЗМРХ, пред сè треба да се биде честит и максимално одговорен во извршувањето на својата функција, а таа голема чест има и голема одговорност, бидејќи претседателот е лице и наличје на еден народ кој го претставуваат сите членови на ЗМРХ, без оглед на тоа колку голема е таа заедница“, додава актуелниот претседател на Заедницата на Македонците во РХ.

Тој ја искористи оваа прилика да упати голема благодарност до сите оние кои ја сочинуваат ЗМРХ, до сите кои ја пратат на кој било начин, кои придонесуваат и работат за нејзиниот просперитет и напредок. „Големо благодарение до сите Вас, драги членови. Посебна благодарност и до нашата Елизабета Петровска, која неуморно и со неизмерна љубов секојдневно ги води административните работи на ЗМРХ. Нека ни е вековито и бериќетно и нека Ви се честити претстојните Велигденски празници со желба за добро здравје, мир и Божји благослов“, заврши Христодулов.

Милена Георгиевска

# 259 здруженија на малцинствата бараат средства од буџетот на РХ

***На Јавниот повик за 2017 г. се пријавиле 259 здруженија и установи на националните малцинства, а во понатамошна процедура на проценка на програмите влегоа и 28 здруженија кои до оваа година се немаат финансирано директно од државниот буџет по пат на Советот за националните малцинства. За остварување на своите програми побараа средства во вкупен износ од 53.312.456,48 куни***



Советот за националните малцинства на Р. Хрватска на својата 72. редовна седница на 9 февруари 2017 година, врз основа на членот 36 на Уставниот закон за правата на националните малцинства на Р. Хрватска, едногласно ја усвои својата програма за работа во 2017 година.

Исто така, една од поважните одлуки усвоени на таа седница е усвојувањето на Правилникот за распределба на средствата на здруженијата и установите на националните малцинства за остварување на програмите на културната автономија во областа на издаваштвото, информирањето, културниот аматеризам и културните манифестации, како и за програмите кои произлегуваат од билатералните договори и програми со кои се создаваат претпоставки за творење на културната автономија.

Советот констатираше дека на Јавниот повик за финансирање на програмите за културната автономија за 2017 г. вкупно се пријавени 1.123 програми на културна автономија, што претставува намалување од 3% во однос на минатата 2016 година, кога беа пријавени 1.157 програми.

## 28 здруженија прв пат ќе се финансираат преку Советот

Здруженијата и установите за остварување на своите програми побараа средства во вкупен износ од 53.312.456,48 куни, што во однос на 2016 г. кога побараа 50.415.200,86, изнесува зголемување од 5,43%.

На Јавниот повик за 2017 г. се имаат јавено вкупно 259 здруженија и установи на националните малцинства, а во понатамошна процедура на проценка на програмите влегоа и 28 здруженија кои до оваа година се немаат финансирано директно од државниот буџет по пат на Советот за националните малцинства.

Шест здруженија на националните малцинства не одат во понатамошна проценка и процедура кај Комисијата, бидејќи не ги исполнуваат ни формалните услови пропишани со Критериумите за доделување на финансиска помош, односно во својата пријава или ја немаат поднесено севкупната документација или го немаат поминато бодовниот праг или пак имаат помалку од две односно три години од уписот во Регистарот на здруженијата на Република Хрватска.

Биљана Митревски

# Дружење во Амбасадата на РМ во РХ



На 23 февруари 2017 година Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска организираше неформално дружење во своите простории. На дружењето беа поканети Македонци од Хрватска и пријатели од културниот и општествениот живот на Загреб. Гостите ги пречека Мачеј Качоровски, вршител на должноста при Амбасадата.

– Пред сè, сакам да укажам на потребата од уште посилно зачувување на македонскиот национален идентитет, како и негување и ширење на македонскиот јазик, култура и традиција, а тоа може да се постигне само преку потесна соработка помеѓу Амбасадата и припадниците на македонското национално малцинство. Исто така, се надевам дека ова дружење ќе стане традиција каде што сите ќе имаат можност да зборуваат за идните активности и проекти, како и за сите проблеми со коишто МНМ се соочува. На крајот, треба да се истакне дека Амбасадата ќе биде секогаш отворена за потребите и прашањата на Македонците, рече Качоровски во своето обраќање.

Присутните ги поздрави и Томе Апостолоски, претседател на Македонската координација на советите и претставниците во Република Хрватска. Дружењето продолжи во пријатна и опуштена атмосфера, која посебно ја разубави младиот пејач Давид Темелков со македонскиот вечен бисер *Зајди, зајди јасно сонце*.

Е. П.

# Дружење со Македонците од Сплит

На 24 и 25 февруари 2017 г. во дводневна работна посета на македонското национално малцинство во Град Сплит престојуваше вршителот на должноста на Амбасадата на Република Македонија во Р. Хрватска, Мачеј Качоровски.

Својата работна посета ја почна во вечерните часови на 24 февруари, веднаш по пристигнувањето од Загреб во просториите на Македонското културно друштво „Македонија“, каде се сретна со претседателот и со потпретседателот на МКД „Македонија“, Ангел Митревски и Јорго Кремиќ. Со нив се задржа во двочасовна средба



*Игор Киров (лево) и Мачеј Качоровски (десно) со комплетниот балетен ансамбл на бината на ХНК*

во која, освен разгледувањето на сите простории на македонските асоцијации, се информира за статусот на македонското национално малцинство во Сплит и со кои проблеми се сретнуваат Македонците и Македонките во нашиот град.

Утредента, на 25 февруари, гостинот од Загреб во претпладневните часови во истите простории се сретна со раководството на МПЦО „Св. Наум Охридски“ и со претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит, Владимир Апостолски. Состанокот помина во пријатна работна атмосфера.

Во вечерните часови, Качоровски присуствуваше на изведбата на балетската претстава „На патот“ на Хрватскиот балет на Хрватскиот народен театар во Сплит, чиј директор е нашиот штипски Македонец Игор Киров. За оваа прилика, директорот Киров донираше педесетина бесплатни карти кои беа поделени помеѓу членовите на МКД „Македонија“ и останатите припадници на македонското национално малцинство од Сплит.

Б.М.

# Приоритет – комуникација на Амбасадата со Македонците

*Разговараме со вршителот на должност при Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска, Мачеј Качоровски, кој дојде во Загреб во јули 2015 година. Извесно време како советник во Амбасадата соработуваше со амбасадорката Даниела Караѓозоска, сè до завршувањето на нејзиниот мандат. Често пати е присутен на настаните кои ги организира Заедницата на Македонците во РХ и се дружи со Македонците во Хрватска*





**Скоро две години престојувате во Хрватска. Се сретнавте со една друга култура, со земја која е веќе во Европската Унија. Какви се Вашите доживувања од животот и работата во Загреб?**

– Времето тече навистина вртоглаво, па така во јули ќе прославам точно 2 години од мојот работен престој во Загреб. Со оглед на тоа дека на функција советник во Амбасадата на РМ во Загреб бев избран веќе во март 2014, имав доволно време темелно да се подготвам за моето доаѓање тука. И претходно во неколку наврати ја имам посетено Хрватска така што можам да си земам за слобода да кажам дека доаѓав на релативно познат и сигурен терен. Од самиот почеток за мене не постоеше ниту културна, ниту пак поголема јазична бариера. Во Загреб и општо во Хрватска се чувствувам навистина пријатно. Дипломатскиот кор, а со тоа и дипломатскиот живот во Загреб е доста побогат и посодржаен во споредба со Скопје.

## Се среќавам со Македонци и надвор од Загреб

**Во Вашата работа секојдневно се среќавате со Македонци кои живеат во Хрватска. Каква е соработката на македонската амбасада во Загреб со македонската дијаспора во Хрватска?**

– Секогаш подвлекувам дека контактите со Македонците од тука спаѓаат меѓу врвните приоритети на мојот дипломатски ангажман. Впрочем, во периодот 2010-2012 го водев Секторот за национални приоритети во склоп на Кабинетот на МНР на РМ кој беше задолжен токму за прашања поврзани со дијаспората, па оттука сметам дека имав и доста познавања па дури и лични контакти во однос на македонското малцинство во пријателска Хрватска. Во последно време се обидувам да ја интензивирам комуникацијата меѓу Амбасадата и Македонците со оглед на фактот дека многумина укажуваа на недоволно ниво на истата во периодот 2012-2016. Поради тоа се обидувам и барем 1-2 пати месечно да остварам контакти со Македонците надвор од Загреб.

**Македонското национално малцинство во Хрватска се смета за едно од најактивните, како сте задоволни од начинот на организираноста на Заедницата на Македонците во РХ? Мислите ли дека доволно се ангажирани за зачувување на својот национален идентитет надвор од границите на матичната држава?**

– На сите ни е познато дека Македонците живеат практич-



но во сите делови на Хрватска и како што гледам сите тие секогаш со гордост го истакнуваат своето македонско потекло. Важен кохезивен фактор претставува и постоењето на МПЦО „Св. Злата Мегленска“ во Загреб, како и црковните општини во Пула, Риека и Сплит. Во таа прилика би апелирал до сите Македонци кои живеат тука за помош при изградба на македонската црква и пасторалниот центар во Загреб – прв македонски православен храм на територија на бивша СФРЈ. Како проблем би можел да го посочам фактот дека голем број од Македонците од втората генерација послабо или воопшто не го владеат македонскиот јазик. А како што добро знаеме токму јазикот е еден од најважните симболи и обележја на една нација.

## Подмладување на членството

**Дали имате некаков конструктивен предлог во насока на подобрување на нивното дејствување?**

- Па добро, веројатно како и меѓу останатите малцински групи така и меѓу Македонците корисно би било (постепено) подмладување на структурите на нивното организациско дејствување. Исто така, сметам дека Македонците кои се истовремено лојални граѓани на Република Хрватска треба максимално да ги користат можностите поврзани со членството на нивната втора татковина во ЕУ во функција на уште подобро остварување на своите права и негување на својот национален, етнички, културен и духовен идентитет.

**Кога би го спределиле животот во Македонија и животот во Хрватска, што би можеле да посочите како предност, а што како недостаток?**

- И како македонски дипломат и како македонски државјанин наидов на мошне коректен, па дури и пријателски однос како од страна на хрватските институции, така и од страна на „обичните“ Хрвати. За жал, цените на основните производи и воопшто трошоците за живот се доста поголеми во Хрватска во споредба со Македонија. Од друга страна пак, за разлика од Македонија каде што знаеме да ветуваме „брда и планини“, комуникацијата (како службена така и приватна) со хрватската страна е доста попредвидлива и постабилна.

Милена Георгиевска

## Омилен хоби – планинарење

**Кое е Вашето најомилено место во Загреб, каде сакате да се повлечете и во некои моменти да најдете свој мир, едноставно да се опуштите?**

- Како што и наведов претходно, Хрватска не ја сметам за класично „странство“ и се чувствувам извонредно добро тука. Тоа се однесува, како на Загреб, така и на останатите делови на државата. Настојувам да патувам што повеќе низ Хрватска. Многу ми се допаѓа Риека, но се чувствувам и извонредно пријатно во Славонија, чиј рамничарски карактер ме потсетува на моите родни краишта. Мое омилено хоби е планинарење и се обидувам да го користам секој слободен викенд за искачување на некои од главните хрватски планински масиви како Горски Котар, Велебит, Медведница и други. Оваа пролет во план ми е искачување на највисокиот хрватски врв Динара.



# МКД „Илинден“ го одбележа својот дваесет и шести роденден

*Изминативе години ги одбележаа непрекинато афирмирање и негување на македонските културни и духовни вредности на подрачјето на Приморско-горанската жупанија; постојано зајакнување и продлабочување на македонско-хрватските врски и односи; одржување на постојаните контакти со македонските граѓани што живеат на ова подрачје и застапување на нивните интереси*



Тринаесеттиот ден од новата 2016-та година, покрај вообичаената прослава на Новата година според јулијанскиот календар, ја донесе и прославата на 26-годишнината од постоењето на МКД „Илинден“ од Риека, формирано во 1991 година. Сите овие изминати 26 години МКД „Илинден“ ги отвори своите врати не само за македонските граѓани, туку и за сите оние што сакаа одблиску да се запознаат со Македонија и со македонската култура, па благодарение на тоа, денес „Илинден“ може да се пофали со голем број пријатели како од Хрватска и од Македонија така и надвор од нивните граници. Риечкото друштво во своите простории ги има угостено едни од највидните личности од Македонија и Хрватска, меѓу кои и претседатели и големи државни службеници од двете земји, голем број македонски и хрватски уметници, пејачи, актери, односно видни личности што значат нешто и на политичката, но и на културната сцена во двете земји. „Илинден“ бил сведок и на голем број културни манифестации одржани во своите простории, а соработка со другите културни друштва од Република Хрватска на голем дел од тие културни манифестации трае во континуитет дваесет и шест години, колку што постои ова друштво.

Скромната прослава мина во пријатна и опуштена атмосфера, во присуство на поворасните и долгогодишни членови на МКД „Илинден“, и секако, со неизбежните македонски стари изворни песни, испеани и отсвирени од хорот при МКД „Илинден“. Оваа прослава беше повод и за одбележување на празникот Василица или Стара нова година, односно одбележување на Новата година според јулијанскиот календар, со влечење на добропознатата паричка. Оваа година среќниот добитник е Миодраг Шалевски, член на хорот, кому му посакуваме паричката да му донесе среќа и берикет во домот.

Ана Азеска
Фото: Гордана Квајо

# Македонска музика, многу емоции и позитивна енергија

## На 28 јануари 2017 година МКД „Охридски бисер“ од Загреб ја одржа својата традиционална културна манифестација „Македонска вечер“, организирана по повод празникот Василица или Стара Нова година според Јулијанскиот календар





Прославата се одржа во ресторанот на хотелот „И“ во Загреб, во присуство на голем број гости, меѓу кои беа Мачеј Качоровски, вршител на должноста при Амбасадата на РМ во РХ, Костадинка Велковска, претставник на градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ, Елизабета Кнор, помошник водител за унапредување на човековите права, цивилното општество и националните малцинства на Град Загреб, Зорица Велиновска, претседател на Управниот одбор на МПЦО „Св. Злата Мегленска“ од Загреб, Томе Апостолоски, претседател на Советот на МНМ за Град Загреб, Јудита Реј Худечек, претседател на Хрватско-македонското друштво од Загреб, Мирјана Мајиќ, претседател на МКД „Билјана“ од Задар, Јагода Трençеска Цветичанин, претставник на македонското национално малцинство за Град Осиек и други.

Со поздрави за добредојде, секретарката на Друштвото, Виолета Штерјова, ја прогласи прославата за отворена. *Македонската вечер* обединува дружење и славење, песна, оро и гастрономија. Затоа, секоја година Македонците со радост ја очекуваат, но и нивните пријатели од Загреб и пошироко. На вечерата се делеше и традиционалната домашна погача која членката Недка Тркуља ја подготви за овој настан, да се сочува овој убав обичај од заборав.

Вокално-инструменталната група *Балканика бенд* од Крањ, Словенија, на присутните им подари незаборавна забава исполнета со македонска музика, многу емоции и позитивна енергија. До зори неуморно се играше и пееше, немаше срце кое можеше да и одолее на веселата атмосфера.

Веќе четврт век *Македонската вечер* го негува пријателството меѓу македонскиот и хрватскиот народ и е извонредна можност за презентација на еден мал, но значаен сегмент од македонските културни вредности на овие простори како нераскинлив дел од културниот мозаик на Македонците во Хрватска.

Е. Петровска





# Следење на Уставниот закон за малцинствата

*„За нас особено корисна беше обуката за изработка на ВЕБ страница за следење на Уставниот закон, користење на он-лајн прашалници, комуникација со ВЕБ корисниците, е-меил пораки и користење на форуми“, вели претставничката на македонското национално малцинство за Град Осиек, Јагода Тренеска Цветичанин*



Човекот учи додека е жив. Така и нашите претставници на македонското национално малцинство за Град Осиек, Јагода Тренеска Цветичанин, и Осиечко-барањската жупанија, Драгољуб Сиљаноски од Нашице, присуствуваа на семинар во Осиек, од 18 до 20 јануари (прва работилница) и од 1 до 3 март (втора работилница). За нив, како и за сите совети и претставници на 22 малцинства во Хрватска се погрижи проектниот тим на „ВИГ советување ДОО“ и „(Teched) Советодавни услуги ДОО“. Семинарите беа финансирани од страна на Европската унија, а суфинансирани од страна на Владата на Р. Хрватска, односно Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства.

Проектот насловен како *Поддршка на советите на националните малцинства на локално ниво* имаше за цел, „обука на тренери за јакнење на капацитетите на советите и претставниците на националните малцинства за следење и евалуација на Уставниот закон за правата на националните малцинства“, ни рекоа на почетокот на семинарот. Со многу лични искуства и примери на добра пракса, присутните посочуваа и на одредени пропусти во спроведувањето на напишаното. Тренерите укажуваа на советодавната улога, но и на можностите кои ги нудат законските рамки и меѓународните декларации, повелби, конвенции и други документи кои ги потпишала Р. Хрватска од 1997 година наваму.

„За нас особено корисна беше обуката за изработка на ВЕБ страница за следење на Уставниот закон, користење на он-лајн прашалници, комуникација со ВЕБ корисниците, е-меил пораки и користење на форуми“, рече Цветичанин.

Втората тродневна работилница беше фокусирана на обука за решавање на пречките за остварување на советодавната улога на советите и претставниците на малцинствата со многу примери на добра пракса, создавање партнерства во локалната заедница, но и во цела Хрватска и пошироко во ЕУ. Вежбите, СВОТ анализата и анкетните прашалници ја потврдија потребата од тимска работа, добра комуникација и мотивација.

На семинарите доминираа богатството на различностите, желбата за понатамошна размена на искуства и идеите за заедничко партнерство на локално и регионално ниво.

Јулијана Тешија

# Работилница за претставниците на националните малцинства

***Од 8 до 10 февруари оваа година во Задар се одржа работилница во склоп на проектот „Подршка на советите и претставниците на националните малцинства на локално ниво“, со цел обука на тренерите за зајакнување на капацитетите на советите и претставниците на националните малцинства***



На работилницата учествуваше и претставничката на македонското малцинство во Задарска жупанија - Мирјана Мајиќ. Богатата програма беше поделена во три дена, а посетеноста голема. Првиот ден беше посветен на претставување на проектот, а се зборуваше за целите на самиот тренинг, начинот на кој учесниците го пратат и какви резултати се очекуваат по завршувањето на работилниците. Во теоретскиот дел се обрна внимание и на начинот на пратење и евалуација на Уставниот закон за правата на националните малцинства и кои се нивните можни модели.

Во практичниот дел во кој учесниците беа поделени во неколку групи и предлагаа поставување на системи на следење и спроведување на Уствaниот закон за правата на националните малцинства. Потоа се разви дискусија за примена на најдобрите алати за следење и спроведување на споменатиот закон. Особено интересен дел за учесниците беше оној во кој стана збор за законодавната рамка за заштита на правата на националните малцинства и за тоа каде е Хрватска во европски контекст, кои се всушност пречките за спроведување на потребниот закон, кои права најчесто се кршат и каде.

На вториот ден се стави акцент на алатите со кои се користи Советот и претставниците на националните малцинства првенствено интернет страница и нејзино користење и навигација. Учесниците имаа прилика да чујат корисни совети како де се користи он-лајн прашалникот за Советот и преставниците како и за спроведба на потребниот закон. Во продолжение следуваше практична вежба на исполнување на прашалникот како и приказ на резултатите, заедничка обработка на резултатите и преглед на графичкиот приказ.

Последниот ден беше воедно и рекапитуалција на првите два дела од настанот. Учесниците работеа во мали групи во чии рамки се нудеа предлози за измени и надополнувања на прашалникот по што следеше дискусија во врска со истите. Исто така, една од темите беше и користење на форум, правила на комуникација, администрирање и начин на користење. Позитивните и негативните аспекти се согледаа преку практична вежба. Од посебна корист беше вежбата за иницирање локални акции преку он-лајн форумот, како и информациите за позитивните примери од Хрватска и странство во врска со вaквите акции.

Настанот се заврши со тематска дискусија и евалуација со пополнување на евалуациски прашалници.

Елена Кипровска Кнежиќ

# Македонски јазик на радио во Хрватска



Задар – Радио 057, недела од 16,30 до 17 ч. емисија „Македонска ура“, фреквенција 91 мегахерц или на www.057info.hr. Водители Мирјана Мајиќ и Елвис Папиќ.

# „Помирување – Христовата љубов нè обзема“

*МКД „Илинден“ и Македонската православна црковна општина и оваа година дел од екуменската молитвена осмина*



МКД „Илинден“ од Риека и Македонската православна црковна општина „Св. цар Константин и царица Елена“ и оваа година беа дел од традиционалната екуменска молитвена осмина, како претставници на Македонската православна црква. Во соработка со Баптистичката и со Католичката црква, претставниците на Македонската православна црква од Приморско-горанската жупанија и оваа година дадоа свој придонес во еднонеделното чествување на екуменизмот – единството на христијаните – за поголемо зближување и еднаквост на припадниците на неколкуте конфесии учеснички на оваа манифестација, од 18 до 25 јануари. Темата на овогодинешната молитвена осмина беше „Помирување – Христовата љубов нè обзема“ („Pomirenje – ljubav nas Kristova obuzima“).

Како и минатата така и оваа година отворањето на екуменската молитвена осмина на 18. јануари се случи во светилиштето на Мајката Божја Трсатска, каде што покрај вообичаената попладневна миса и презентирањето на програмата и на темата од Екуменскиот одбор, што го сочинуваат претставници на неколкуте христијански цркви, учеснички во овој настан, свој настап имаше хорот при МКД „Илинден“ од Риека, кој изведе неколку пригодни песни од својот богат репертоар. На присутните најпрвин им се обрати пасторот на Баптистичката црква, Ѓорѓо Грљ, кој ја претстави молитвената осмина, а потоа и гвардијанот на Трсатското светилиште. Вечерта беше заокружена со пригодно дружење меѓу претставниците на неколкуте христијански цркви, кое продолжи и во наредните седум дена предвидени за овој настан.




## Концерт и фудбалски турнир

На 19 јануари, четврток, во сите црковни заедници се одржа молитва со намера, а на 20 јануари во организација на Баптистичката црква и друштвото „Младите за Христос“ се одржа концерт на духовна музика во изведба на бендот „РиСтрим“ и на неколку католички вокално-инструментални хорови. Настанот се одржа во пасторалниот центар „Збор и живот“.

Саботата, 21 јануари, беше резервирана за спортскиот дел од програмата, односно за целодневниот екуменски фудбалски турнир во салата „3-ти мај“ на Кантрида. На овој турнир учество зедоа осум тима од сите



цркви, а членовите на Одборот се договорија околу плакетите, трофејот и околу буџетот за судиите. Пасторот Грљ со уводна молитва и со поздрав службено го означи почетокот на Турнирот.

По неделниот слободен ден без активности, чествувањето на екуменизмот продолжи во знакот на младите, со организирање на мултимедијалната екуменска молитва во Првата риечка хрватска гимназија во понеделникот на 23 јануари. Оваа молитва ја организира вероучителот во Гимназијата, Мирослав Радиќ, во соработка со заедницата „Агапе", а настанот се одржа точно напладне. Но овој настан не беше единствениот тој ден. Попладнето во 19.30 часот се одржа средба и молитва во Македонската православна црквена општина „Св. цар Константин и царица Елена", во просториите на МКД „Илинден", каде што повторно свој настап пред бројната публика имаше хорот при МКД „Илинден" од Риека.

## Соживот и почит кон другите

Завршната свеченост по повод екуменската неделата, како и минатата година така и оваа, се одржа во црквата „Госпа Лурдска" на Жабица во Риека, на 25 јануари, на која повторно свој настап имаше хорот при МКД „Илинден", како и хорот при црквата домаќин на оваа завршна свеченост.

Во пријатна и опуштена атмосфера, успешно заврши уште една екуменска молитвена осмина во организација на Екуменскиот одбор на риечката Надбискупија, што го сочинуваат неколку христијански цркви учеснички на оваа еднонеделна манифестација. Со продолжување на традицијата за организирање настан од ваков тип уште еднаш се покажаа и докажаа соживотот и почитта на неколкуте цркви што дејствуваат на територијата на Приморско-горанската жупанија, а Македонската православна црковна општина и МКД „Илинден", како дел од овој голем настан, уште еднаш ги покажаа соработката и воспоставените пријателски односи со припадниците на другите цркви во овој дел на Р. Хрватска.

Ана Азеска





# Работилница за возрасни – негување на македонскиот јазик и култура



МКД „Илинден“ од Риека оваа 2017 ја започнува со уште еден успешен проект за афирмација на македонскиот јазик и култура, отворајќи ги своите врати за сите оние што се заинтересирани за изучување на македонскиот јазик. На 8 февруари беше означен почетокот на работилницата за возрасни – негување на македонскиот јазик и култура, под водство на учителката по македонски јазик во основното училиште „Центар“ и во Првата хрватска сушачка гимназија, Наталија Лековска.

Пријавените кандидати се делумно членови на МКД „Илинден“, но и кандидати што се пријавиле благодарение на промоцијата на оваа работилница што ја направи потпретседателката Ивона Дуноски-Митев на риечката локална телевизија „Канал Ри“, во рамки на емисијата за националните малцинства „Мозаик“. На првата средба присутните ги поздрави претседателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска и на МКД „Илинден“, Илија Христодулов, кој им посака срдечно добредојде на новите потенцијални членови на Друштвото, како и пријатна и опуштена атмосфера при процесот на изучување на македонскиот јазик.

Првата средба ја одбележа македонската кирилица со која дел од кандидатите се сретнаа за првпат и со која ги направија своите први чекори кон поподробно изучување на овој најбалканизиран словенски јазик, и која претставува само една во низата разлики во однос на мајчиниот јазик на кандидатите, хрватскиот, што сигурно ќе претставува уште поголем предизвик и мотив за негово целосно совладување.

Оваа работилница е бесплатна и може да ја посетува секој заинтересиран кандидат, а наставата се одвива еднаш неделно, секоја среда од 19 часот во просториите на МКД „Илинден“ во Риека.

Ана Азеска

# Прочка во „Илинден“

Најголемиот верски христијански празник Велигден е на прагот, а нему секоја година му претходат два големи настани – празникот Прочка и, во Риека, добропознатиот Риечки карневал, со кои се означува почетокот на седумнеделните пости и одбројувањето до Христовото воскресение. МКД „Илинден“ од Риека ги спои овие два големи настани, па во саботата на 25 февруари ги повика своите членови маскирани да дојдат на ул. „Матачичева“ бр. 5 и заедно да го одбележат крајот на едномесечното карневалско лудило и почетокот на строгите велигденски пости.

Празникот Поклади, или меѓу народот познат уште како Прочка, е празник кога пред почетокот на постите од луѓето се бара да побараат прочка од своите најблиски доколку сметаат дека нешто им згрешиле во текот на изминатата година, но и да си ги простат гревовите едни на други. Овој празник членовите на МКД од Риека го прославија во опуштена атмосфера со малку храна, музика, разговор, но и со добропознатата традиција на „амкање“ јајце, заврзано на конец и обесено на стап, од страна на најмладите членови. На присутните им се обрати претседателот на МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“, Блаже Божиноски, како и претседателот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска и на МКД „Илинден“, Илија Христодулов, кои испратија порака за важноста на простувањето како најголема човекова одлика и како идеал спрема кој треба да се стреми секој човек.



А. А.

# Македонски јазик низ поезија



Учениците по македонски јазик со нивната учителка Дијана Мариќ на 18 февруари зедоа учество на *Фестивалот на јазикот* кој по шести пат го организираше Градската и универзитетска библиотека во Осиек. Учениците настапија во склопот на работилницата „Читателски предизвик на мајчиниот јазик“ каде што во друштво со претставниците на германското, албанското, унгарското, чешкото, словачкото и другите малцинства, читаа текстови на македонски јазик.

Нашите ученици настапија со читање песни: Михаел Вида ја прочита песната *Оро* на Стојан Тарапуза, Рута Марија Велешанов настапи со *Т’га за југ* на Константин Миладинов, а Теодора Саркиќ со *Копачите* на Кочо Рацин. Рута беше прогласена за најдобар интерпретатор и поканета да ја прочита песната на Миладинов и на Осиечката телевизија. Учителката Мариќ беше посебно горда на своите ученици, особено што имаа емотивни интерпретации.

*Фестивалот на јазикот* го одбележува Меѓународниот ден на мајчиниот јазик кој се прославува на 21 февруари, а во Осиек се одбележува со претставување на јазиците на малцинствата. „Фестивалот се организира како би придонел на културната размена и сочувувањето на традиционалните вредности и мултикултурализмот на градот на Драва“, истакна во уводното обраќање Синиша Петковиќ, координатор на Австриската читална.

Јулијана Тешија

# МКД „Браќа Миладиновци“ настапи во Посавина




Овогодинешната *Дваесет и прва смотра на фолклорот* во Сиќе беше одржана на 18 февруари 2017 година. Во организација на КУД „Радиње“, во просториите на Хрватскиот дом Нова Капела, на смотрата под наслов *Жупанијата игра и пее* настапија домаќините и нивните гости КУД „Нова зора“ од Долна Ломница, КУД „Подвиње“ и П.С. „Беќарки“ од Подвиње. Заедно со нив настапија и нашите „Вардарки“ со две кореографии, „Вардарки“ и „Тресеница“.

„Оваа манифестација ја прикажува богатата традиција на Славонија и Бродско-посавската жупанија, која се пренесува од колено на колено и која ја негуваме со генерации“, истакна началникот на општината, Иван Шмит.

И нашите дами беа одлични! Разиграни и расположени, ги разгалија присутните и добија големи аплаузи.

J. T.

Ин мемориам In memoriam

# Замина Зора Биланоска



Во мијачкото село Лазарополе – во прегратките на Бистра, таму најгоре, го помина своето детство Зора, за да го продолжи и заврши животниот пат во Осиек, во својата 57 година. Ги остави натажени сопругот Билјан, синовите Данило и Дарио, роднините, пријателите, како и членовите на МКД „Браќа Миладиновци“. Нејзината разиграност на македонските вечери, несебичното донирање на рачно произведените кори и други производи од тесто – долга традиција на семејството Биланоски, ќе го паметат и граѓаните на Осиек со кои секогаш комуницираше срдечно и искрено.

Нека почива во мир.

J. T.

# Да го негуваме и почитуваме нашиот мајчин јазик

*„Без јазикот ќе си недостигаме самите на себе, оти само јазикот никогаш не нè оставил сами и тој памети многу повеќе отколку што ние можеме да заборавиме.“ (Петре М. Андреевски)*





Темелни вредности на културата на секоја држава се јазикот и творештвото. Мајчиниот јазик е, несомнено, културно наследство во кое се обединува духовната и материјалната култура на човекот за зачувување на знаењата и традициите од предците. Секоја година на 21 февруари се одбележува *Меѓународниот ден на мајчиниот јазик*, по повод кој годинава, во Чешкиот народен дом во Загреб на 18 февруари се одржа приредба под назив *Зборувај ми на својот јазик*. Настанот го организираше Координацијата на совети и претставници на националните малцинства за Град Загреб, а учествуваа ученици од основните и средните училишта, припадници на националните малцинства на Град Загреб и Велика Горица, кои ја посетуваат изборна настава на мајчин јазик по моделите Б и Ц од Министерството за наука, образование и спорт на РХ.

Приредбата ја отвори претседателот на Координацијата, Душан Мишковиќ, а учениците во придружба на своите наставници на албански, босански, чешки, македонски, унгарски и полски јазик изведоа културно-уметничка програма на детски игри и рецитали на песни и раскази.

Учениците од изборната настава по македонски јазик и култура по моделот Ц настапија на тема од македонското народно богатство. Основците од ОУ „Аугуст Харамбашиќ“ и ОУ „Никола Тесла“ од Загреб под водство на наставничката Деспина Белчовска Велинска прикажаа драмска претстава во современа адаптација на анегдотата *Никојпат не се доплаќа на мајката* од книгата *Убавиот збор и железна врата отвора* и исполнија неколку Коледарски песни. Средношколците Ива Синти и Антонио Франчиќ од Првата гимназија во Загреб ја отпеаја народната песна *Македонско девојче*, а Сандра Јуришиќ, Бјанка Стојанова, Леонард Стојков, Паула Класиќ и Марија Меклав заедно со наставничката Тинка Барбутов Крстева ги придружуваа со македонско оро.

Програмата беше многу богата и разновидна, а бројната публика секој настап го наградуваше со голем аплауз. На крајот сите учесници ја отпеаја песната *Хоки Поки*, секоја строфа на различен јазик, а последната сите заедно на хрватски јазик.

Многу генерации иселеници полека го заборавaат мајчиниот јазик, а нивните деца не умеат да го пишуваат и читаат. Оваа приредба е можност да се потсетиме за вистинските вредности на јазикот и поука водилка за сите нас, да се грижиме за нашиот мајчин јазик, да го негуваме и почитуваме и тоа да им го пренесеме на нашите поколенија, на најмладите, да не дозволиме да ги заборават своите корени.

Е. Петровска





# Сеќавања на Македонија

***Сеќавања на Македонија е вистинска наслада напишана со вешт раскажувачки дух. Авторката го освојува читателот со својата љубопитност и интересот за осознавањето на светот околу себе, раскажувајќи со нагласена чувствителност. Најсилна димензија на оваа книга е поврзаноста помеѓу луѓето врз основа на човечноста и едноставноста, како битие кое го љуби животот***





Во организација на претставничката на македонското национално малцинство за Загрепската жупанија, Лена Ѓапиќ, и на Хрватско-македонското друштво од Загреб, а со поддршка на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и Загрепската жупанија, на 28 ноември 2016 година во загрепскиот Европски дом се одржа промоција на книгата раскази *Сеќавања на Македонија* од Јудита Реј Худечек, во рамките на циклусот „Позната непозната Македонија“.

Во своето излагање, авторката ги опиша нејзините сеќавања на студентскиот живот во Македонија од пред четириесетина години, убавите спомени на таа пријателска и топла земја која никогаш не ја заборавила. Модератор на промоцијата беше Лена Ѓапиќ, а извадоци од книгата читаше актерката Костадинка Велковска. Книгата ја претставија уредничката Соња Зубовиќ и издавачот Дамир Микуличиќ.

„*Сеќавања на Македонија* е вистинска наслада напишана со вешт раскажувачки дух. Авторката го освојува читателот со својата љубопитност и интересот за осознавањето на светот околу себе, раскажувајќи со нагласена чувствителност. Најсилна димензија на оваа книга е поврзаноста помеѓу луѓето врз основа на човечноста и едноставноста, како битие кое го љуби животот. Чекор по чекор, расказ по расказ се запознаваме низ спомените, се приближуваме едни кон други, за повеќе да се сакаме“, рече за книгата уредничката Зубовиќ.

Во музичкиот дел од програмата настапи вокалната етно група „Езерки“ која изведе неколку прекрасни македонски народни песни.

Промоција на книгата се одржа и во Запрешиќ, во Иваниќ-Град и во Скопје.

Е. П.



# Мартинки за здравје и среќа

„Дента спроти Марта сучат црвено и бело предено со цело; и утрината го клавает на децата на грло, на р'це и нозе за здравје. Тие се викает мартинки, и со ним в Струга сретват ластовиците...“, запишано е во Зборникот на Миладиновци. Овој народен обичај кај Македонците е задржан и денес. На 1 март 2017 година членките на етно работилницата *Разбој* при МКД „Охридски бисер“ од Загреб изработуваа мартинки и ги прераскажуваа обичаите од своите краеви.

– Во источниот дел на Македонија, околу Штип и Берово, мартинките се симбол на пролетта и на доаѓањето на ластовиците и штрковите. Паметам како мала, мартинките ги стававме под перница за да ни се остварат желбите, вели Виолета Штерјова.

Гордица Михајловска раскажа дека во Кумановско, мартинките ги носеле на рака како бразлетна за здравје и среќа, а некои ги закачувале на расцутените дрвја и на виновите лози за да биде родна годината.



Умешноста на членките во изработката на ракотворбите е важна, но уште поважни се нивното заедничко дружење, поддршката на традиционалните вредности, старите обичаи и приказните што се пренесуваат од генерација на генерација, со што ги потенцираат своите заложби за чување и негување на македонското културно богатство.

Е. П.

# И учениците им се веселеа на мартинките



Во пресрет на месецот март и учениците од ОУ Скалице од Сплит кои ја посетуваат наставата по македонски јазик изработуваа мартинки за среќа. Оние кои веќе во изминатите години се запознале со оваа традиција позната кај македонскиот народ, со задоволство им покажуваа на останатите ученици кои за прв пат оваа учебна година ја посетуваат наставата по македонски јазик и прв пат со голем интерес се вклучија во работилницата за изработка на мартинки.

Креациите беа различни, од изработка на нараквици од црвена и бела волница, потоа мали кукли, до разни уметнички изрази од волница залепена на хартија.

Учениците беа запознаени со стариот македонски обичај за изработка на мартинки, за нивното подарување и носење за среќа, но и за разните верувања кај луѓето од различни делови на Македонија за тоа што им носи среќа.

Исто така, беа запознаени и со легендата за богот Македон кој бил вљубен во Ксантија, божица на цвеќето, убавината и љубовта и нивната несреќна љубов.

М. Г.

# Прочка во Сплит

Извештајот за прочка и нејзиното одбележување во Сплит би требало да го почнам со едно **извинување и молба за „проштевање“** на сегашниот, новоизбран претседател на Македонската православна црковна општина „Св. Наум Охридски“, Дарко Соколов.

Имено се работи за следното. Во последниот број на нашето списание „Македонски глас“ ве известивме дека на Изборното собрание на Македонската православна црковна општина „Св. Наум Охридски“, Сплит, на Божиќ, за претседател е избран Живко Богески. За жал, доцна ја видов грешката која настана од технички причини, па на овој начин уште еднаш сакам да му се извинам на Дарко Соколов и на читателите за грешката која беше ненамерна и која е намерно ставена во текстот кој започнува со проштевање.

Инаку, како и секоја година, оваа година на 26 февруари во организација на МПЦО „Св. Наум Охридски“ во нејзините простории се собраа верниците на познатиот чин да си простат едни со други. Традиционалното „Прости ми“ и „Нека ти е простено и од мене и од Бога“ не се заборави ни оваа година.

Б. М.

# Одбележан Денот на човековите права во Шенковец

Денот на човековите права – 10 декември, е денот кога во 1948 година е потпишана Универзалната декларација за човековите права и за прв пат во историјата на човештвото е признаено правото на сите луѓе на „живот, слобода и сигурност – без никакви разлики“.

Координацијата за човековите права на Загрепската жупанија го одбележа Меѓународниот ден на човековите права со пригодно предавање на тема „Европа и човековите права“ на 12 декември 2016 година во Општата народна школа во Шенковец. Домаќини на настанот беа началникот на Општината Брдовец, Ален Прелец, и здружението за негување на кајкавската икавица и за промовирање на културното наследство од родниот крај „Иван Перковац“ од Шенковец. Во музичкиот дел



од програмата настапи вокалната етно група „Езерки“ со изведба на неколку македонски народни песни.

Е. П.

# Колку се големи малите книжевности?




На 8 ноември 2016 година во библиотеката „Силвије Страхимир Крањчевиќ“ во Загреб се одржа книжевна трибина за мали и/или помалку познати книжевности, во рамките на манифестацијата „Месец на хрватската книга 2016“. На трибината насловена *Колку се големи малите книжевности?* учествуваа Ивана Латковиќ, доцент на Катедрата за словенечки јазик и книжевност, Ивица Баковиќ, виш асистент на Катедрата за македонски јазик и книжевност при Филозофскиот факултет во Загреб и Ксенија Бановиќ, книжевен преведувач од бугарски јазик.

Гостите ги запознаа присутните со преводите на современа словенечка, македонска и бугарска книжевност, обидувајќи се да одговорат на прашањето од насловот на трибината, односно зошто помалку познатите книжевности се сметаат за мали и колку со својот квалитет го заслужуваат овој епитет.

Е. П.

RESTORAN - CAFFE BAR - 01 4840 954
MAKEDONSKI MERAK
Em merak - em užitak



SRIJEDOM I ČETVRTKOM TAMBURAŠI – GRUPA „TO JE TO“ • PETKOM I SUBOTOM – GRUPA „MAKEDONSKA DUŠA“
Na adresi Ilica 298, Zagreb, naselje Kustošija, odmah pored Name, dođite da osjetite dašak zemlje sunca gdje se spajaju okusi Balkana, Orijenta i Mediterana!
Organiziramo svake vrste obiteljske proslave te poslovne susrete. Veselimo se vašem dolasku!

# Микела Ристоски реди успеси

Успесите на Микела Ристоски ги следиме секој момент. Минатата година сите нејзини активности беа забележани во *Македонски глас*, а оние од 2016 се посебни. Микела Ристоски е членка на Македонско културно друштво на Истарска жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, а поврзница е нејзиниот татко Живко, кој по потекло е Македонец, инаку член на македонските асоцијации од самиот почеток. Тој беше советник во првиот мандат на Советот на македонското национално малцинство за Град Пула, а мајката на Микела, Марица, е од Истра, но и таа е редовна членка на Друштвото и на хорот, па така и нашата Микела оди по



стапките на своите родители.

Во оваа прилика, не би можеле а да не се потсетиме на нејзините успеси во 2016 година кои се врвни: ИНАС на Европско првенство Анкара – второ место во троскок 11,57 метри; ИНАС на Светско првенство Анкона во сала – прво место во троскок 11,66 метри; Рио де Жанеиро на Параолимписките игри – прво место во скок на далечина 5,79 метри – Микела освои златна медала; ИПЦЕП Гросето – второ место во скок на далечина 5,68 метри; потоа доби одликување *ред Кнеза Бранимира* со ланче, прогласена е за најдобра параспортистка во Република Хрватска, што значи Микела Ристоски е избрана за спортистка на годината на *Деновите на Параолимпискиот одбор* одржани во Загреб.

По враќањето од Олимписките игри, Микела е свечено примена од старана на жупанот на Истарската жупанија, Валтер Флего и градоначалникот на Град Пула, Борис Милетиќ. Како победник на Параолимписките игри, како и за европското злато и рушењето на светскиот рекорд во троскок, Микела прими многу честитки и подароци од страна на Истарската жупанија и Град Пула, со истакнување дека Микела треба да ни биде пример на упорност и голем вложен труд.

Што ни преостанува друго, туку да ѝ честитаме, да ѝ посакаме уште поголеми успеси и да се гордееме со неа.

Михаела Златеска

# Гостување на Радио Мартин

Порталот „Национални малцинства ХР“ е национален портал кој се бави со малцинствата во Хрватска, со нивните настани, активности, обичаи и традиции, односно тој е резултат на повеќегодишното следење на националните малцинства во Загреб и Загрепската жупанија преку емисијата „Родна грутка“ која се емитира секоја недела на Радио Мартин (90,3 и 101,8 MHz). На 27 ноември 2016 година во емисијата гостуваа универзитетскиот професор д-р Васил Тоциновски и Елизабета Петровска, секретарка на Заедницата на Македонците во РХ.

Д-р Тоциновски говореше за големата заинтересираност на студентите за учење на македонскиот јазик и култура, за што имаше прилика да се увери во текот на неговата 7-годишна работа како редовен професор на Лекторатот при Филозофскиот факултет во Риека. Секако, ги истакна и хрватско-македонските книжевни врски и односи преку браќата Миладиновци, Георги Капчев, Кочо Рацин и други. Петровска ги запозна слушателите со активностите на ЗМРХ, потенцирајќи ги нејзините овогодишни два големи јубилеја, 25 години од основањето на ЗМРХ




и печатење на 100. број на списанието „Македонски глас“. Исто така, ја нагласи добрата соработка со Советот на МНМ за Град Загреб како и со останатите национални малцинства, а посебна благодарност упати до Советот за националните малцинства на РХ за финансиската поддршка за програмите што ги организира и реализира ЗМРХ.

Емисијата можете во целост да ја послушате на порталот „Национални малцинства ХР“ (http://www.nacionalnemanjinehr.com).

Е. П.

# Ратко Златески повторно претседател на МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“

Верниците од Истарската жупанија и овој пат покажаа достоинство, љубов и вера, чување на својата традиција и обичаи, со молитва за здравје, дар и бериќет, пред сè слога и чување на нашите вредности далеку од татковината. Секој добар чин е чекор напред, да не ги заборавиме својот идентитет и своите корени, она што најмногу нè врзува со нашето огниште е нашата вера, а Црквата е таа којашто нè поврзува каде и да сме. Поради тоа, во неделата на 29 јануари голем број верници присуствуваа на неделната богослужба предводена од парохискиот свештеник на МПЦ во Хрватска протојереј Кирко Велински, во црквата „Св. Фрање“ во Пула. По заедничката молитва на верниците со отец Велински се одржа Редовното изборно собрание во Советот на македонското национално малцинство за Град Пула.



Собранието на МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“ почна со Господовата молитва и читање на Одлуката од Европската епархија за одобрување на Собранието. По освртот за сработеното во претходната година и укажувањето на достојното одбележување на сите православни празници, беше поднесен и финансиски извештај. За претседател повторно беше едногласно избран Ратко Златески, а Грета Бршчиќ за потпретседателка, Виолета Матракоска Варга за секретарка и Игор Јаневски за благајник.

На седницата, отец Велински го објасни значењето на Господовата молитва, што значи секој изговорен збор во текстот на молитвата и каква да биде нашата вера додека ги изговараме зборовите. За работата на МПЦО низ изминатата година неколку зборови кажа претседателот Златески, кој посебно го нагласи одбележувањето на 20-годишнината од формирањето на нашата црква во 2016 год. Седницата заврши со поздравни честитки на претседателот Ратко Златески, кој и овој пат ја нагласи обврската на македонските верници за изградбата на македонската православна црква во Загреб и ги замоли присутните за помош, секој во рамките на своите можности, за што поскора нејзина изградба.

Михаела Златеска

# Поклади – празникот на простувањето

Во просториите на Македонската православна црковна општина „Св. Јоаким Осоговски“ во Пула верниците на Истарската жупанија го одбележаа црковниот празник Поклади на 26 февруари. И овој пат, просторот беше премал за сите верници, радосни што нè има во толкав број. По палењето на свеќите и Господовата молитва за прошка до Господ за сите намерни или ненамерни грешки, присутните верници се прегрнаа меѓу себе со зборовите: „Прости ми ако нешто сум ти згрешил, сакајќи или не сакајќи“, и одговор: „Нека Ви е простено прво од Господ, а потоа од мене, а проштевајте и Вие на моите грешки.“ Обично прво помладите бараат прошка од постарите.

Потоа беше прочитан дописот од нашиот парохиски свештеник протојереј Кирко Велински, во кој моли за прошка и ги советува родителите да им простат на своите деца за нивните грешки, а и децата на своите родители за меѓусебните недоразбирања, та вели: „Браќа и сестри, простувајте си меѓу себе и со љубов еден кон друг да влеземе во постите и



подготовката за дочек на нашиот голем празник Велигден“. Така верниците со радост, убави зборови, молитва и љубов се дружеа во црковниот простор на полната трпеза која ја подготвија верниците. Дружењето заврши со големо задоволство поради убав ден полн со љубов и разбирање. Нека Бог ни помогне и ни даде снага во постот, весели, со љубов и достоинствено да го дочекаме Велигден.

М. З.

# Poezija je osjećaj, intima, sudbina

***Nikola Šimić Tonin, Busovljak, rođen 8. siječnja 1962. Crkvice – Zenica, BiH. Pjesnik, pripovjedač, putopisac, romanopisac, dramski pisac, pisac za djecu i esejist, pisac udžbenika, književni, kazališni, likovni kritičar, tekstopisac i novinar. Živio u 36 gradova, od čega u 11 kraćih razdoblja u mnogim europskim zemljama. Aktivno se služi njemačkim, ruskim i talijanskim jezikom. Ne začuđuje stoga činjenica da je na čelu zadarskog ogranka Hrvatskog književnog društva. Povodom lijepe i kontinuirane suradnje s MKD-om „Biljana“ i predsjednicom Mirjanom Majić, htjeli smo saznati nešto više o njemu i o zajedničkim aktivnostima***



**Kada ste se zapravo počeli baviti poezijom?**

Jako davno, još u osnovnoj školi koju sam pohađao u Doboju, BiH. U *Veseloj svesci*, časopisu za djecu, objavljena mi je pjesma *U kraljevini bukova lista*. Ne vjerujem da je tada postojao itko sretniji od mene kako se razgovorno veli: na kugli zemaljskoj. Daljnje pjesničko usmjerenje i zrenje dugujem pjesnicima: Kasimu Derakoviću, Izetu Sarajliću, Ivici Vanji Roriću, kao i Književnom klubu „Ivo Andrić“ u Doboju. Prolazeći na putu za školu pokraj poduzeća Grafičar Doboj, u kojemu su se tiskale dobojske novine *Glas komuna*, Kasim Deraković je objavio dvije moje pjesme: *Obična pjesma o piti* i *Pečalbari*. Uz novine, u Grafičaru su se tiskale i knjige dobojskih autora. Zastajao sam u mislima sanjajući da će se u njima, jednoga dana, tiskati i moja knjiga.

**Što za Vas znači poezija i cijene li ljudi dovoljno poeziju i njezinu moć?**

Poezija je osjećaj. Poezija je intima. Poezija je sudbina. Kao što je Slamnig rekao da svaka komunikacija nosi elemente poezije, tako vjerujem da je svaki čovjek rođen s predispozicijom osjećaja tajnovitog i skrivenog koje na temelju simbola i prijenosa značenja jest sastavnica ljudskih života. Kada sretna okolnost iznjedri pjesmu onda je taj tre-

nutak uobličavanja možda presudan za osobu i sve one... Ponetko to može, ponetko se boji, ponetko se srami, a ponetko odluči ponuditi dugo zatomljeni, skriveni, dio svoga bića. Kao što misao ne možeš ograničiti, tako ni u vremenu ne možeš znati kolika je snaga poneke poetske sintagme. Poezija je filozofija i, slažem se s čuvenim književnicima, jedina istinska stvarnost umjetnika.

## Trag je to dara srca i intelekta

**Kako biste opisali svoju poeziju i tko se u njoj, po Vama, najviše prepoznaje?**

Trag je to dara srca i intelekta. Pjesmu napišem tamo gdje me stigne. U njima će se prepoznati svi oni koji koračaju ulicama vlastite duše.

**Recite nam nešto o nagradama koje ste primili za svoj književni rad.**

Po pitanju nagrada na tragu sam one Danila Kiša, zahvalan na svakoj nagradi koju dobijem ne čineći ništa da je dobijem. Lijepo je kad rad bude prepoznat i nagrađen. Više je tu nagrada izvan onih zvaničnih o kojima se manje piše i govori.

Kada se dječje lice ozari nakon pročitane pjesme i nauči je napamet. Otpjeva je dječji zbor. Ona je njihova. Na tren i zaboravе da ste je napisali vi. Djeca čitaju srcem. Njima se ne može prodati ona štraca od fraze, pjesma je dobra samo je oni ne razumiju. Najviše vjerujem djeci.

**Pričajte nam više o aktivnostima zadarskog ogranka Hrvatskog književnog društva čiji ste predsjednik.**

Stvarno se možemo pohvaliti sa: 72 člana, četiri pjesničke manifestacije: Stijeg slobode – domoljubna poezija, Knin – Pakoštane, – moja ideja; Goran Bujić – Književnici novinari – prema ideji profesorice i književnice Žakline Kutija; Uz dolove Uzdol zove – Poetski susreti – Rama – Prozor – BiH, u sjećanje na pjesnika i znanstvenika Rajka Glibu – prema mojoj ideji; Poetska manifestacija koju pokrećemo, manifestacija čakavske poezije u Kalima u čast Joje Ricova – također prema mojoj ideji. U svim mjesecima po jedna pjesnička večer vezana za dane i datume koji bilježe taj mjesec, bogatu izdavačku djelatnost, nagradu Donat za književni doprinos, suradnju i druženja, pjesnička gostovanja i medijsku promociju.



## Lubav za literaturu

**Kako je došlo do suradnje između Vas i MKD-a „Biljana“?**

„Krivac“ toj suradnji je izuzetan čovjek, književnik i znanstvenik, „naš“ Vasil Tocinovski. On nas je uputio jedne na druge i hvala mu na tome.

**Znaju li Zadrani ili generalno Hrvati dovoljno o makedonskoj književnosti?**

Nažalost ne. Geopolitičke pozicije nekom čudnom igrom nedokučivih povijesnih razloga preživljavale su slične povijesne realizacije. Vrijedi li za zemlje ono što vrijedi za ljude s elementima njihove osobnosti, a kada je riječ o državama s elementima identiteta, a zapravo iracionalnog i racionalnog ponosa, koji nas čini živima – pripadnost, borba za opstanak i čast. Tri preduvjeta za kontinuitet. Sveobuhvatna analiza u razumijevanju i htijenjima potvrdila bi činjenice, argumente koje znače – bili smo, jesmo i postojimo, i dokle god postojimo, razmišljamo kako opstati. Mnogobrojni izazovi snaže dišpet opstanka.

Moj doživljaj je: ne postoji ni jedan narod u ovom prostoru koji je povijesnom sudbinom sličniji Hrvatima i s kojima su Hrvati imali prisnije kontakte i veze. Toliko toga bilježi jedan i drugi narod pa je razumijevanje pomoglo simpatije i bliskost. Znam mnoge makedonske pjesme napamet, a tek moja supruga, Žaklina, književnica, prof. hrvatskoga jezika pjeva povremeno u klapi i sustavno se bavi tradicijskom kulturom. Tako se u toj ljubavi za literaturu i kulturu dopunjujemo. Od književnika znani su mi: Kočo Racin, Blaže Koneski, Petre M. Andreevski, Vasil Tocinovski, Petko Šipinkarovski, Mirjana Majić, Iskra Peneva, Sande Dodevski.

**Najavite nam neke od događaja koje pripremate s Mirjanom Majić.**

Spektar suradnje je velik i potrajalo bi nabrajanje planiranoga, ali dio je: izložbe, pjesničke večeri, književni susreti, predstavljanje značajnih književnika, slikara i znanstvenika. Mirjana Majić je naša istaknuta članica HKD-a i dio predsjedništva HKD Ogranak Zadar.

Elena Kiprovska Knežić

# Македонска седенка



Во рамките на манифестацијата *13. денови на македонската култура*, на 23 декември МКД „Билјана“ во просториите на Друштвото организираше *Македонска седенка*. Овој настан има за цел зближување на Македонците кои живеат на просторот на Задарската жупанија за да се прославаат православните македонски празници и почитуваат разните македонски обичаи.

Како и секоја година, и овој пат во првиот дел од програмата се зборуваше за православните обичаи и познатите адети во Македонија. На *Македонската седенка* традиционално настапуваат секциите кои се дел од МКД „Билјана“, па така со своите рачни изработки се претставија вредните членови на секцијата *Ѓерѓев*, која веќе долго и успешно ја води Драган Јакимовски. Инструментално-музичката секција беше задолжена за добрата атмосфера на *Седенката* со изведбата на македонски традиционални песни со весел мелос. Претседателката Мирјана Мајиќ како дел од литературната секција на Друштвото прочита неколку свои песни кои ја доловија нејзината љубов кон татковината.

Е.К.К.

# Прослава на Василица



На 13 јануари МКД „Билјана“ за своите членови организираше прослава на македонскиот православен празник Василица. Василица за Македонците од Задар претставува прекрасен начин да се зближат и заеднички да прослават толку убав и симболичен празник. Програмата за Василица секогаш се одвива во топла семејна атмосфера како да се наоѓаме во своите домови со своите најблиски.

На самиот почеток, претседателката Мирјана Мајиќ прочита неколку легенди кои се врзуваат со овој празник, а потоа зборуваше за тоа како празникот се слави во нејзиното семејство. Како во право македонско семејство, и во МКД „Билјана“ се кршеше лепче со паричка за да се види кој ќе биде најсреќниот останатиот дел од годината. Истовремено се славеше и роденденот на долгогодишната членка на Друштвото, Јелена Петровиќ.

Прославата секако не можеше да помине без македонски специјалитети, па трпезата беше полна со домашни солени и благи традиционални јадења подготвени од вештите раце на членките на Друштвото. Гостите се забавуваа во весела и топла атмосфера, а за тоа придонесоа и членовите на музичко-инструменталната секција на МКД „Билјана“ кои испеаја неколку македонски песни.

Е. К. К.

# Поетски вечери

Во нејзин препознатлив стил, Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“, и овој пат беше една од учесниците на *VI. поетски вечери* кои се одржаа на 2 март во задарскиот клуб *Кју бар* во организација на здружението „Зборови над сè“. Заедно со Мирјана Мајиќ главни гости беа Веселко Среќко Билиќ и Данијела Ражов. Се читаше поезија во опуштена атмосфера пропратена со музиката на *Сигне гитарс дуо*. Мирјана Мајиќ читаше дел од својата поезија на македонски јазик со клавирска придружба на македонската песна *Јовано, Јованке*.

Неколку дена подоцна, по повод Денот на жената, 8 март, Мирјана Мајиќ беше дел од поетското читање кое се одржа во Градска библиотека Задар во организација на задарскиот огранок на Хрватско книжевно друштво. Таа го отвори настанот и ја водеше вечерта посветена на Денот на жената. Зборуваше за самите почетоци на прославата на овој ден и воедно беше единствената жена која настапи со своја поезија посветена на оваа тема.



Е. К. К.

# Мирјана Мајиќ повторно избрана за претседателка на МКД „Билјана“

**На 13 март МКД „Билјана“ одржа Годишно изборно собрание, на кое беа присутни членовите на Управниот одбор, членовите на Надзорниот одбор, како и останатите членови на Друштвото**



Претседателката Мирјана Мајиќ ги поздрави присутните и зборуваше за активностите кои Друштвото ги реализираше во изминатиот период. Таа го прочита финансискиот извештај за 2016 година во кој ги изнесе сите финансиски активности на МКД „Билјана“. Претседателот на Надзорниот одбор, Бошко Кнежиќ, го прочита извештајот на членовите на одборот во кој беше дадена позитивна оценка за работењето на МКД „Билјана“ и истакна дека не се најдени никакви неправилности во врска со тоа. Понатаму, Мирјана Мајиќ зборуваше за активностите на секциите кои делуваат во рамките на Друштвото, музичко-инструментална, литературна и етно секција, за нивните водители, успесите кои ги постигнаа во изминатата година, како и за плановите за претстојниот период.

## Ангажираност

Следуваше избор на нов состав на водство на Друштвото. За претседателка, едногласно повторно беше избрана Мирјана Мајиќ со оглед на квалитетното водење на Друштвото веќе години наназад, потпретседателка е Надица Жампера. За членови на Управниот одбор се избрани Драган Јакимовски и Шиме Жампера, додека пак за членови на Надзорниот одбор едногласно се избрани Бошко Кнежиќ, Ирина Андријевиќ и Венцислав Мајиќ. За секретарка на Друштвото избрана е Јелена Петровиќ.

Исто така, се разгледуваа и плановите и предвидените програми во периодот кој следува, како и ангажираноста на Друштвото во културно-општествените случувања во Задар и Задарската жупанија.

Бошко Кнежиќ упати голема пофалба до Мирјана Мајиќ за посветеноста во литературната секција како и за одличната соработка со Хрватско книжевно друштво, огранок Задар. Тој истакна дека активности како што се читање поезија на различни настани, организирање тематски вечери посветени на поезија и уметност и дружење со поети од Задар и околните градови претставува голема промоција не само на авторката, туку и на МКД „Билјана“ како амбасадор на македонската култура во овој дел на Хрватска. Преку овие настани, посетителите имаат можност да чујат поезија на македонски јазик за што немаат честа прилика. Воедно, тој ја поздрави соработката со уметниците од Задар со кои МКД „Билјана“ организираше неколку заеднички настани и изложби, како и соработката со институциите на Градот кои секогаш изразуваат големо задоволство за заедничката соработка.

Елена Кипровска Кнежиќ



# „Ослободување на Скопје“ на Загрепскиот филмски фестивал



Во рамките на Загрепскиот филмски фестивал, на 14 ноември 2016 година во киното Европа беше одржана премиера на долгометражниот игран филм Ослободување на Скопје, македонско-хрватско-финска копродукција („Партизанс“ – Македонија, „Лијени филм“ – Хрватска и „Арт филмс“ – Финска) во режија на Раде и Данило Шербеџија. Тоа е историската драма за пропаста на едно семејството, а дејствието се одвива во 1941 г. во Скопје кога градот бил под окупација на Германија и Бугарија. Освен режисерите, бројната публика ја поздравија и актерите Луција Шербеџија и Мико Ноусаинен, продуцентите Горан Тозија и Игор Нола и композиторот Томас Кантелинен.

Филмот е екранизација на познатиот драмски текст на Душан Јовановиќ, кој, заедно со Раде и Данило Шербеџија, е негов сценарист. Поддржан е од Европскиот филмски фонд за копродукции „Еуроимаж“, а финансиран е од Агенцијата за филм на РМ, од Хрватскиот аудиовизуелен центар и од Филмскиот фонд на Финска. Продуценти на филмот, кој се снимал на локации во Велес, Битола и Скопје, се Роберт Насков, Горјан Тозија, Владимир Анастасов, Игор Нола, а копродуценти се Арто Халонен и Данило Шербеџија. Музиката ја потпишуваат Влатко Стефановски и Томас Кантелинен.

Главната улога во филмот игра 11-годишниот Давид Тодосовски (како Зоран), кој дебитира во филмот, а покрај него настапуваат актерите: Раде и Луција Шербеџија, Мико Ноусаинен, Силвија Стојановска, Давид Тодосовски, Петар Мирчевски, Небојша Глоговац, Јари Вирман, Дејан Лилиќ, Денис Абдула, Аксел Мехмед и други. Зоран низ филмот раскажува приказна за страдањата и хоророт на луѓето што поминуваат низ виорот на втората светска војна.

Филмот кој го нарекуваат „мал филм со големо срце“ наиде на многу позитивни критики и од критичарите и од публиката, а Друштвото на филмските работници на Македонија го избра за македонски кандидат за наградата „Оскар“ во категорија за најдобар филм од неанглиско говорно подрачје за 2016 година.

Е. П.

# Дворецот Тракошќан средиште на македонската уметност

Во Дворецот Тракошќан, на 24 ноември 2016 година беше отворена изложба на група од 60 реномирани ликовни уметници од Р. Македонија насловена *Корени, порти, портали, патишта и патокази*. Изложбата е реализирана во организација на Ј.У. Домот на култура „Кочо Рацин“ од Скопје и со поддршка на Град Скопје, а во соработка со Дворецот Тракошќан и Меѓународниот клуб на пријатели од Хрватска. Воедно беше отворена уште една изложба, *Каламота – подалеку од светлоста* на Влахо Брангѓолица од Скопје.

Виолета Калиќ, историчар на уметноста и куратор на изложбата, на свеченото отворање говореше за значењето на изложбата и за учесниците, претставници од повеќе ентитети, нации и народности, од повеќе генерации академски сликари, графичари и скулптори, кои живеат и творат во Македонија и во странство. Делата се изработени во масло на платно, акварел, цртеж, дигитален печат и други комбинирани техники. На присутните се обратија и Адам Пинтариќ, директор на Дворецот, Мирко Бистровиќ, началник на Општината



Бедња, Милка Кнежевиќ, претседателка на Меѓународниот клуб на пријатели, и Влахо Бранѓолица, автор на изложбата фотографии за убавините на хрватскиот остров Колочеп. Изложбите ги отвори проф. д-р Шиме Ивањко, почесен конзул на Хрватска во Словенија.

Изложбите во галериите на Дворецот можеа да се разгледаат до 24 декември.

Е. П.

# Прв солистички концерт на Калиопи во Загреб



Повеќе од два часа публиката уживаше во песните кои ја одбележаа кариерата на Калиопи, македонска поп-дива позната по својот специфичен глас, на нејзиниот прв солистички концерт на 13 февруари 2016 година во загрепскиот клуб *Творница културе*. Со овој концерт што го одржа во пресрет на Денот на вљубените, таа ја започна регионалната мини турнеја која продолжи уште во неколку градови во Босна и Херцеговина.

Меѓу бројната публика Калиопи ја бодреа многу јавни личности и колеги од музичката естрада. Тука беа Тереза Кесовија, Алка Вуица, Миро Унгар, Мирослав Рус, Давид Темелков и други, а беа присутни и многу Македонци кои заедно со своите пријатели пееја и играа на нејзините легендарни хитови. Се редеа песните *Разбуди ме*, *Темјанушки*, *Дали ме сакаш*, *За само еден ден*, *Дона*, *Мелем*, *Волчица*, *Роденден*, *Коцкани*... и во акустичниот блок песната *Куфер со љубов* и микс од рефрени на познатите албуми *Калиопи* и *Роѓени*. Публиката особено реагираше на песните *Ако уште некогаш падне снег* и *Црни рози*, која Калиопи му ја посвети на Тоше Проески, додека песната *Македонија* предизвика силна еуфорија меѓу разиграните посетители. Концертот заврши со два биса на *Црно и бело* и најпознатата безвременска песна *Бато*, со која Калиопи порача дека наскоро пак ќе се врати.

Е. П.

# Со песна за Денот на вљубените

Во пресрет на Денот на вљубените, кој се совпаѓа со прославувањето на празникот на свети Трифун, на 10 февруари 2017 година во салата на Културниот центар Травно во Загреб, веќе по традиција драмската актерка и шансониерка Костадинка Велковска, во клавирска придружба на Тони Етеровиќ, одржа концерт за паметење. Љубовта, виното и песната добро одат заедно, а во денешно време кога имаме сè повеќе причини да бидеме загрижени поради губењето на вистинските чувства и вредности, важно е да уживаме во симболиката и убавите мисли кои заеднички ги носат овие празници. А публиката со полно срце уживаше во романтичниот глас на Велковска и нежните тонови на Етеровиќ со изведбата на песните *Недостаје ми*, *Модерато Кантабиле*, *Љубави моја*, *Македонско девојче* и на уште многу други познати шансони и евергрини.



Е. П.

# Хуманитарен концерт во Затворот Реметинец

На 2 февруари 2017 година во Затворот Реметинец во Загреб настапија вокалната етно група *Езерки* и оркестарот *7/8*. Хуманитарниот концерт се одржа во спортската сала во Затворот пред голем број на затвореници, како и затворски службеници и службеници на Центарот за дијагностика во Загреб. Овие неуморни амбасадори на македонската музичка култура, кои повеќе од 20 години делуваат во рамките на Хрватско-македонското друштво од Загреб, повторно докажаа дека се и повеќе од професионалци. Под палката на нивниот долгогодишен уметнички водител, виолинистот Бруно Урлиќ, на публиката ѝ понудија дел од својот богат репертоар на македонски народни песни, меѓу кои беа *Битола, мој роден крај*, *Не си го продавај Кољо чифликот*, *Брала мома капини*, *Јане Сандански* и други, за што добија голем аплауз и овации.



Е. П.

# Дом за сите нас – дом за Христос!

*Племето наше е Пиреј и не го ништи ниедна војска. Ама ти колку сакаш корни ја, кошкај ја, куби ја, таа пак не умира. Само малку да се допре до земјата и пак ќе оживи. – Овие цитати од Петре М. Андреевски ме поттикнаа да подразмислам за тоа наше македонско семе кое до ден денешен постои благодарение на безрезервната љубов и верата кон Бога*




Старите наши многу добро знаеле кога велеле: Животот без Христа не е живот. Ако не го гледаш Христос во очите на својот ближен, во гладниот, во вдовицата и сирацsmåите, во болните и затворените, во оние што страдаат и оние што се радуваат, во децата, во птицата и цветот, во волкот и јагнето. Ако не го гледаш Христос во сите свои постапки и мисли, тогаш ти си туѓ на Христа.

Туѓ, туѓинец, странец. Сите тие зборови одекнуваат во главата како молњи, удираат, го распарчуваат срцето, молскавично редат слики на црквите, манастирите, фреските што од својата убавина без здив го оставаат човекот, во ушите свири песната на кавалот, плаче зурлата, топоти тапанот, и песната наша како мелем за душата. Срцето наше секојдневно копнее по своите корени и верата своја православна. Ни недостасува секој ден, денес повеќе од вчера, утре повеќе од денес. Таа земја на сонцето просто те маѓепсала со својата убавина уште додека си бил во утробата на мајката своја, и посакуваш орелски крилја да метнеш и во тие наши страни да прелетнеш, како што вели Миладинов во *Т'га за југ*.

Тој кој не бил надвор од дома не ја познава таа болка.

Но чекај, стој, некој убав глас се јавува и вели: „Сè е од Бога и Бог е сè... не е дома само таму каде што папокот ти е пресечен, дом е и онаму каде што на душата ѝ е убаво, каде по Божја промисла си пратен, каде си свил гнездо и градиш живот. Сè е Божја креација, сè е Божјо дело, сè е твој дом." Тогаш слегнуваат емоциите, се смирува срцето на некој чуден начин, спознаваш дека не сме таму. Овде сме, и сега сме. Избрани да го донесеме тоа сонце овде за нас и за нашите поколенија. Нашата мисија овде е јасна **ДА СИ ЈА ИЗГРАДИМЕ ЦРКВИЧКАТА – ДА МУ ИЗГРАДИМЕ ДОМ НА ХРИСТОС.** Дом за нашето смирение и спасение.

## Сплотување на душите наши расели

Градбата прво започнува во срцето на секој поединец, а потоа и на видливо место каде ќе се сплотат душите наши раселени. Та нели велиме дека сме Христијани, дека сме Христови, тогаш имаме призив кон тој живот. Нашите сонародници го чувствувале тој порив, тој повик кон Бога и успеале да добијат парче од ова небо, и парче од оваа земја каде ќе бидеме свои на своето, оти во секој од нас постои оној печат на сознание дека кога сме далеку од Христа останувааат само тагите, нервозата, лошите спомени, борбите и страдањата. Сето тоа се случува во животот во којшто брзаме ваму, трчаме таму, лутаме напразно и не можеме да запреме. Но таму каде што ќе го најдеме Христос, дури тоа да е и пештера, се сместуваме, не мрдаме, се плашиме да излеземе за да не Го изгубиме Бога, оти Бог е сè. Тој е животот и радоста, Тој е светлината која прави човекот духовно да се издигнува и да живее заедно со Бога.

Овде и сега, Го молиме Бога да ни даде светли мисли, во нашиот ум да гори оган кон светото како пламен од свеќа и каде и да појдеме да шириме светлина, да им зборуваме на другите, а тие со радост во нивните срца да објавуваат на сиот глас: **„НИЕ МОЖЕМЕ, СЕКОЈ СПОРЕД СВОИТЕ МОЖНОСТИ."** Да, ние можеме на Бога дом да изградиме, та чунки племето наше е Пиреј, само малку да се допре до земјата, оживува и расте.

Бранкица Богатинов

# МПЦО „Св. Злата Мегленска“ – Прочка – Велики поклади

*Во недела на 26 февруари 2017 г., на Прочка – Велики поклади, верниците на МПЦО „Св. Злата Мегленска“ во Загреб се собраа на заедничка Богослужба и, како што е убава нашата традиција и обичај, побараа прошка од Бога и меѓусебно*

По Богослужбата, со благослов на нашиот Митрополит Европски г. Пимен, се одржа Редовно годишно собрание на Црковната општина. Претседателката Зорица Велиновска детално ги извести верниците за активностите во изминатиот период и плановите за во иднина. Оптимистично рече: „Има благ пораст на оние што уплаќаат редовно, но апелираме, секој кој досега од различни причини нема донирано, да размисли колку големо дело ќе направи со донирањето од 20, 50, 100, 1000 куни (секој според своите можности) за себе, своето семејство, својот народ и за слава на Бога. Да се поучиме сите од оваа богомудра поука: *Сè што си изградил заради Бога, си го сочувал; сè што си сочувал заради себе, си изгубил. Сè што си дал во името на Бога, си дал под камата; сè што си дал во името на славата и суетата, си го фрлил во вода.*“



На крајот парохискиот свештеник, протојереј Кирко Велински се обрати до верниците:

„Браќа и сестри,

Простувајте! Простувајте им вие, мајки и татковци, на вашите деца кога ќе ве навредат поради неразумноста нивна, трудејќи се секогаш да им бидете од корист и духовно да ги засилите за во иднина да не грешат не само кон вас, туку и кон другите луѓе и кон Бога. Простувајте им и вие деца на вашите родители дури и тогаш кога сметате дека некогаш ве навределе или омаловажиле, не заборавајте колку е голема и бескрајна родителската љубов.

Простувајте си взаемно за да имате вистинска братска радост и љубов! Простете им на оние кои се ваши учители во добро, иако можеби некогаш се случило да не ви дале добар совет и лични примери.

Простете ми и мене, вашиот пастир, бидејќи и јас како човек грешам и многу ми е потребна вашата молитва и Божјата помош. И нека сите взаемно, простени и измирени, измолиме од Бога прошка за нашите гревови, и со олеснување на срцето го прифатиме патот на светата четириесетница и духовно подготвени ја примаме светата причест и благодатно засилени стигнеме до серадосното славење на Христовото Воскресение – Велигден.

Иван Лепитков

# Во пресрет на Велигден

Драги браќа и сестри!

Се молам Господ да ни даде вистинско покајание и нелицемерен пост. Зарем е потребна жртва да го смилостивиме нашиот Бог? Можеби треба телото прекумерно да го истоштиме? Не. Бог сака љубов; така му е жртвата благопријатна. Да постиме со љубов, да правиме добри дела. Ги советувам христијаните, доколку заштедат пари со постот, да помогнат при изградбата на нашата црква во Загреб. На достоинствен начин да си го славиме Бога. Вистинскиот пост подразбира скромна трпеза. Во денешно време, за жал, само се изнаоѓаат разни богати посни јадења, со што се губи смислата на постот. Господ да нè благослови да го поминеме постот со богоугодни дела и да го дочекаме светлото Христово Воскресение, со надеж дека големите проблеми со кои се соочуваме, ќе се разрешат. Господ да им даде сили и мудрост на оние што нè водат, и во Црквата, и во државата!

Добри пости на сите! Амин!

о. Кирко Велински

# Нов успех на македонски готвачи

***Земја партнер на манифестацијата Интеррегионален куп на готвачи ИККЕР 2017 беше Република Македонија, а честа да ја претставува земјата му припадна на ресторанот „БОКО“ од Гевгелија, кој беше и минатогодишен победник на ова натпреварување. Нивниот готвач Александар Симјановски ја понесе титулата мајстор-готвач за 2017 г.***

На 18 февруари, со свеченоста на прогласувањето на победникот – НАЈДОБАР ИНТЕРРЕГИОНАЛЕН ГОТВАЧ 2017 година, заврши сега веќе и традиционалниот макарски интеррегионален куп на готвачи ИККЕР 2017.




Сѐ се случуваше во макарскиот хотел Мирамаре, со поглед на макарската ривиера и со блесоците на камерите и фото апаратите, а во организација на СКМЕР, како и на Градот Макарска и на Туристичката заедница на Град Макарска, а со поддршка на бројните партнери и спонзори.

Оваа година земја партнер на манифестацијата беше Република Македонија, а честа да ја претставува му припадна на ресторанот „БОКО“ од Гевгелија, кој беше минатогодишен победник на ова натпреварување.

## Македонски вина и специјалитети

Сопственикот Борис Костаќев со својата сопруга Васка Костаќева, како што и доликува на вистински македонски домаќини, се погрижија заедно со нивниот готвач Александар Симјановски – ново прогласениот мајстор-готвач за 2017 г., на оваа македонска вечер да не фали баш ништо.

Од Македонија со себе донесоа дел од традиционалните македонски артикли (грав тетовец, ајвар, пинцур, кадаиф, тиквешко вино од винарницата Тиквеш од Кавадарци) со кои направија неколку следа на јадења во кои преовладуваше македонскиот шмек. За време на дегустацијата на македонските вина во воздухот се чувствуваше големо задоволство, а за да сето ова помине во вистински македонски занес се потруди и Олга Барбир, водителка на хорот при македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит, која со својот репертоар на македонски, но и далматински песни, направи навистина добра симбиоза на овие две пријателски култури.

На вечерата, на покана на сопственикот на ресторанот „БОКО“, присуствуваа и претставници на МКД „Македонија“.

Со оваа македонска вечер уште еднаш се покажаа квалитетот на македонската традиционална кујна, презентирана на модерен начин и гостопримството кое е веќе со векови традиционално кај нас Македонците, а кога со сето ова ќе се спои и ентузијазмот на младата фамилија на Борис и Васка Костаќеви, тогаш за нас мора да се слушне и надвор од Македонија. Затоа, уште една честитка до сите наши, со желба да нѐ израдуваат со уште некои медали во иднина и на други светски натпревари.

Биљана Митревски

20 godina sa Vama
AMPER SERVIS
Cvjetna 6, 10370 Dugo Selo
Ispostava: Čulinečka 52, 10000 Zagreb
Instalacije inteligentnih sustava-pametne kuće
Automatizacija, upravljanje i nadzor instalacija u građevinama
Izrada tehničkih riješenja instalacija
*Elektroinstalacije jake i slabe struje *Centralno i podno grijanje *Ventilacija i klimatizacija *Vodovod i odvodnja *Gips kartonski radovi *Elektrostatički podovi *Automatska zaljevanja *Centralno usisavanje *PVC stolarija, inox i crna bravarija
Tel.: 01/2913-194, tel/fax. 01/2913-188, mob.: 0912230 077, 091 4771 777
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
Direktor : Jonče Ilievski

# ИМЕНКИ (СУПСТАНТИВИ)
## (дванаесетти дел)
# ИМЕНКИ СО СУФИКСИ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ЧУВСТВЕН ОДНОС

Именките со суфикси за негативен, подбивен однос се викаат **пејоративи**. Тој однос обично се поврзува и со големите димензии на предметите, суштествата или појавите. Суфиксите што информираат за големината на предметот се викаат **аугментативни**, а именките – **аугментативи**. Бидејќи постои тесна врска меѓу аугментативите и пејоративите, именките со вакви суфикси се викаат аугментативно-пејоративни. Аугментативите во нашиот јазик најчесто се образуваат со суфиксот ***-иште***: *зградиште, звериште, косиште, човечиште*. Во ретки случаи се употребува и суфиксот ***-ина*** (***-етина***): *јуначина, зверетина.*

Пејоративно, подбивно значење може да се искаже со неколку суфикси. Такви се: ***-инка*** (*будалетинка, мајсторинка*); ***-ко*** (*влечко, дрдорко, плачко*); ***-чо*** (*глупчо, слепчо*); ***-ле*** (*забле, ушле*). Подбивното значење на пејоративите често произлегува и од основниот, неизведениот збор, а не само од пејоративниот суфикс. Спореди: *дрдорко* (од: *дрдори*), *влечко* (од: *се влече*), *глупчо* (од: *глуп*).

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според „*Кратка македонска граматика*“, 25 октомври 1944)

# Резервен живот




На загрепскиот книжевен фестивал „Еуропеа во дворот“ што го организира издавачката куќа „Љевак“, на 16 ноември 2016 година беше промовиран преводот на хрватски на романот *Резервен живот* од Лидија Димковска, која во моментов живее во Љубљана.

Разговорот со авторката и со преведувачот на романот, Борислав Павловски, професор на Катедрата за македонски јазик и книжевност при Филозофскиот факултет во Загреб, го водеше писателката и критичарка Ивана Бодрожиќ. Таа истакна дека судејќи според реакциите на критиката и публиката, Димковска несомнено е најсилниот креативен глас меѓу македонските писатели од помладата генерација. Според Павловски, станува збор за реалистична проза со висок јазично-стилски регистар и четиво кое постојано се движи кон читателот и бара полна концентрација.

Меѓу присутните на промоцијата беше Мачеј Качоровски, советник при Амбасадата на РМ во РХ, како и претставници на Заедницата на Македонците во РХ и на МКД „Охридски бисер“ од Загреб.

*Резервен живот* спаѓа во групата романи-хроники во кои се прикажува нечија животна биографија. Тој е интимна и политичка алегорија на историјата на просторите на Екс-Ју раскажана низ судбината на сијамски близначки. Ова е втор роман на Димковска, поетеса, прозаист и преведувач, по романот *Скриена камера*. За двата е наградена со признание на ДПМ, а *Резервен живот* ѝ ја донесе и Европската награда за книжевност во 2013 г. Романот е преведен на десетина јазици. Наскоро, издавачката куќа „ВБЗ“ од Загреб ќе го објави нејзиниот роман *Скриена камера* во превод на Борјана Прошев-Оливер, која работи и на преводот на нејзиниот најнов роман *Но-Уи*.

Е. П.

# Прослава „Св. Трифун & Св. Валентин“





Денот на свети Валентин, попознат како Валентиново или Денот на вљубените, во светот се одбележува на 14 февруари, кога се слават и величаат љубовта и приврзаноста. Како заштитник на младите и вљубените, тој ги навестува пролетта и новиот живот. Истиот ден, според православните обичаи, Македонците го слават празникот на свети Трифун, заштитникот на виното и виновата лоза. Свети Трифун живеел во 3. век во Мала Азија. Легендата вели дека имал чудесен дар да лекува и дека успеал од лошиот дух да ја излекува ќерката на римскиот цар Гордијан. Во времето на големиот прогон одбил да се откаже од Христа, поради што бил убиен на 14 февруари 250 година.

По тој повод, оваа година на 14 февруари, МКД „Охридски бисер“ од Загреб во рамките на културната манифестација *Денови на македонската култура*, а под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ, организираше дружење во просториите на Заедницата на Македонците во РХ. Претседателот Благој Штерјов ги поздрави гостите и им посака добредојде. За животот на свети Трифун и за прославата на празникот зборуваше Горан Коров, а со обичаите што се одржуваат на тој ден присутните ги запознаа членовите на работилницата по македонски јазик и култура за возрасни и литерарно-драмската секција *Ленка*. Воедно на прославата беше претставена и изложба на ракотворби на етно-работилницата *Разбој* при Друштвото.



Обичајот на овој ден да се зареже барем една гранка од винова лоза и да се залее со вино за да биде плодна годината, а виното слатко, симболично го претстави претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски. Прославата посебно ја разубавија пејачката група *Моми бисерни* и инструменталната група *Охридски бисер*, со песна и музика под водство на Сафиудин Алимоски. Се заигра и македонско оро, а гостите можеа да уживаат во многубројните домашни специјалитети подготвени од членките на кулинарската секција по традиционални македонски рецепти и, се разбира, со капка од извонредното македонско вино.

Е. Петровска







# Вкусовите на Македонија



## Мусака со леб и мелено месо

**Потребно е:** малку повеќе од половина од еден леб, 2 страка млад кромид, 7 црни маслинки (без семка), 1 лажица Вегета, половина пакетче печиво, црн пипер, половина килограм мелено месо, 2 јајца, 1 чаша јогурт, 150 г кашкавал.

**Подготовка:** Најдобро е лебот да е од претходниот ден, подобро се троши. Се става во подлабок сад и средината со раце се троши, а кората се кине на многу ситни парчиња. Потоа се додава ситно сечкан млад кромид, сечкани маслинки, се зачинува со Вегета (една лажица), се додава прашок за печиво, малку црн пипер, испржено мелено месо и кашкавал (половина од кашкавалот) сечкан на ситни коцки. Сето тоа се залева со смеса од две јајца, 1 јогурт и сосема малку сол. Смесата добро се меша и се става во подмачкан (со маргарин) калап за печење. Одозгора се става остатокот од кашкавалот претходно нарендан. Се пече околу 20 минути.

## Полнето пилешко месо

**Потребно е:** 4 парчиња пилешки стек, 200 г кашкавал (мешан или овчи), 2 јајца, лебни трошки, малку брашно, сол и црн пипер.

**Подготовка:** Стековите се сечат на половина по должина, малку се тапкаат со чук и се зачинуваат. Над нив, се става по едно парче кашкавал, а по желба можете да додадете и малку обарен спанаќ. Потоа се затвораат со чепкалка. Се валкаат во брашно, јајце, па во лебни трошки и се пржат на врело масло додека не се зарумената. Се сервираат со гарнир од мешавина од грашок и морков.





## Коцки со пудинг

**Потребно е:** Смеса за пандишпан: 5 јајца, 10 лажици шеќер, 8 лажици брашно, 100 мл млеко, 4 лажици масло, 4 јаболка, две кесички пудинг од ванила, 6 лажици шеќер, 500 мл млеко, 250 г маргарин, 100 г шеќер во прав, шлаг пена и едно чоколадо.

**Подготовка:** Во правоаголен плех се ставаат подебели резанки јаболка (семките им се вадат) и се печат околу 15 минути додека не зарумена, односно омекнат. Врз нив се налева смесата од изматените јајца со шеќерот, брашното и останатите состојки. Се пече 30 минути на 170 степени. Откако ќе се излади се превртува наопаку, јаболката да бидат одозгора. Филот се добива со варење на пудинзите од ванила, шеќерот и млекото. Откако ќе се излади, во смесата се додава претходно изматениот маргарин со шеќер во прав. Убаво се бијат со миксер. Врз јаболката се премачкува добиениот фил. По желба се додава шлаг пена или рендано чоколадо. Може да се сервира со милиброд за Велигденските празници.

М. Г.





# ВЕЛЕШКО ЕЗЕРО – ДОМ НА ТИШИНАТА И ВОДАТА











Македонија е позната по својата култура, традиција, убавина. Многу природни реткости кои се вистински предизвик, но и создадени атракции, нудат уживање за туристите. Една од тие создадени атракции е и најмалото вештачко езеро „Младост“ или Велешко Езеро. Сместено е во централниот дел на Македонија на 8 км северозападно од градот Велес. Оваа акумулација направена е во 1962 година во долината на реката Отовица, која е лева притока на реката Вардар, на височина од 274 м, со должина од 1,6 км, широчина до 500 м и длабочина до 25 м. Површината на езерото е 52 хектари со зафатнина од 12 милиони м3 вода. Височината на бетонско-лачната брана е 27 м, а должината при круната е 73 м.

Езерото било создадено за наводнување на лозовите и земјоделските плантажи, но денес сѐ повеќе прераснува во атрактивен туристичко-рекреативен центар. Поради близината на автопатот Скопје-Велес, хотелот „Романтик“ и ресторанот „На Велешко“ на крајбрежјето, а на самото езеро и закотвениот хотел-брод „Панини“, езерото добива обележје на излетничко место, особено на пролет и лето. Најчесто е посетено за спортски риболов (изобилува со рибите: сом, крап, црвеноперка, белвица, караш, сончаница, клен, смуѓ, амур и други), за веслање и едрење на даска, за кампување, излети, пикници и за капење во жешките летни денови. Веќе неколку години по ред на езерото се одржува и Велешки пливачки маратон. Во зима пак, кога се температурите многу ниски, езерото замрзнува и ги привлекува посетителите да уживаат во лизгањето и санкањето.

Велешкото Езеро е дом на тишината и водата. Пејзажната природа околу езерото нуди питома и пријатна атмосфера, идеална за одмор и рекреација. Ова парче недопрен рај го красат и го облагородуваат густа борова шума и зеленило, пешачки патеки и видиковци. Можете да се осамите и да уживате во прекрасната глетка на многубројните видови птици и водни патки, во благиот мирис на флората или во благодатите на сончевите зраци што ја разлеваат својата боја врз сината езерска вода. Тишината ја разбиваат само ветрот и брановите и како да ви шепотат дека се наоѓате во самото срце на Македонија.

Е. Петровска